**ЗАПИСНИК**
**од 59 (Педесет и деветтата) редовна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 декември 2024 година (вторник)**

Педесет и деветтата седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 24 декмври 2024 година (вторник), со почеток во 18.00 часот, во просториите на Општина Карпош барака 1.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 23 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Добрила Андоновска, Зоран Краљевски, Убавица Игнатовска, Предраг Станковски, Адријана Јакимовска Панчевска, Александар Илиески, Христо Саракинов, Виолета Куновска, Владимир Бислимовски, Марин Докузовски, Дејан Лазаревски, Гордана Ивановски Велковска, Мартин Димоски, Бранко Ристов, Ивана Петковска, Славко Митевски, Невена Георгиевска, Татјана Стојановска, Давор Грче, Јахји Мемедов, Александра Антевска, Наталија Спировска и Благица Цветановска.

На 59. седница на Советот присуствуваше Секретарот на Општина Карпош Весна Стефанова, како и раководители на сектори од Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

На 59.седница присуствуваше и Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 59-та седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

Претседателот пред да отвори расправа по дневниот ред посочи дека службите веќе им доставиле материјали на членовите на Советот, за дополнителни три точки кои ќе се додадат на дневниот ред.

Претседателот ги прочита точките кои се предложени а тие се следните:

1. **Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства за одржување Бадникови поворки во с.Бардовци како точка 2;**
2. **Предлог – Одлука за давање на согласност за издавање под закуп на објект во сопственост на Општина Карпош, на улица Разловечко востание бб како точка 3;**
3. **Предлог – Одлука за прифакање на донација од КАМ ДОО Скопје како точка 4;**

Членот на советот Татјана Стојановска по земен збор предложи точка - Советнички прашања.

Претседателот посочи дека ќе ја стави на гласање и таа да се додаде како точка број 5 на дневниот ред.

За збор се јави членот на Советот Адријана Јакимовски Панчевска која побара точка 1 да се симне од дневниот ред од неколку причини. Првенствено согласно законот за Буџетите и член 21б цитирам: Градоначалникот на општината подготвува предлог на план на програми за развој усогласен со насоките од Циркуларот и истиот го доставува на одобрување до советот на општината најдоцна до 20 октомври во тековната година. (2) Советот на општината го одобрува предлогот на планот на програмите за развој најдоцна до 15 ноември во тековната година. (3) Одобрениот план на програмите за развој е составен дел на предлогот на буџетот на општината. Притоа истакна дека Буџетот е донесен но Програма не е донесена. Потоа следно, во анализата и предлог програмата за урбанистичко планирање што е предложена има дисконтинуитет. Програма во 2024 година немаше. Прво се запре објавувањето на Програмата со 3-те урбанистички плана. Следно се донесе како што се донесе на сила и после тоа се донесе Решение за запирање, значи Програма за урбанистичко планирање во 2024 немаше. А согласно закон исто така, Одлука за донесување на програмата согласно Закон за урбанистичко планирање е до 31-ви Декември во тековната година за наредната. Во анализата е наведено дека: во согласност со Одредбите на член 22 од Законот за урбанистичко планирање, Службен весник на Република Македонија 30/20111/23171/24 и 224/24 стручните служби на Одделението за простор на урбанистичко планирање при Општина Карпош, пристапија кон изработка на анализа на степенот и начинот на спроведување и реализација на урбанистичките планови на територијата на Општина Карпош за 2024 година. Членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска праша од какви податоци, без програма, какви активности имаше во 2024 година без програма за урбанистичко планирање и врз основа на што ги исцрпиле овие податоци, и ја спремиле

овaa анализа. Значи, не може да биде валидна анализата, бидејќи Програма во 2024 година немаше. Согласно горенаведеното побара точката да биде тргната од дневен ред.

За збор се јави членот на Советот Благица Цветановска и посочи дека има решение од државен инспекторат за локална самоуправа со кое се запира програмата која е донесена за 2024 година, и смета дека анализата која е составен дел од програмата за 2025 година не е реална и врз основа на тоа побара исто така да се тргне точка 1 од дневниот ред. Истакна дека сака да ја објасни процедурата односно дека на 28-ми декември беше донесена Програмата во 2023 година. Потоа на 3-ти Јануари со решение беше запрена во Службен гласник.. Со тоа што, се прекрши членот 51 од Законот за локална самоуправа, кој што вели дека: Советот е должен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Решението од став 1 на овој член да го разгледа Решението и да одлучи со него. Значи Советот немаше никаква информација, ниту се состана за да може да се зборува за тоа. Потоа во јули месец беше повторно ставена предлог - програмата, па беше во септември, и затоа смета дека не треба да биде како точка на дневен ред. Цветановска смета дека од повеќе причини, не треба да биде точка на дневен ред и истакна дека довербата на советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата е изгубена после сето ова.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Се јави за збор Христо Саракинов – член на Советот на Општина Карпош кој постави прашање до претседателот на Совет, дали тој лично смета дека Советот на Општина Карпош има донесено програма за урбанистичко планирање за 2024 година?

Претседателот на Совет одговори дека доколку сака да го искаже своето мислење ќе побар збор, а во однос на носење на програмата, тој потпишува волја на мнозинството од членовите на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Совет, ги стави на гласање дополнителните четири точки.

По спроведеното гласање со 19 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ се додаде Предлог – Одлуката за одобрување финансиски средства за одржување Бадникови поворки во с.Бардовци како точка 2.

По спроведеното гласање со 12 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ се додаде Предлог – Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на објект во сопственост на Општина Карпош, на улица Разловечко востание бб како точка 3.

По спроведеното гласање со 21 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ се додаде Предлог – Одлуката за прифакање на донација од КАМ ДОО Скопје како точка 4;

Потоа, на гласање ја стави предложената точка „Советнички прашања“ и по спроведеното гласање со 17 гласови ЗА, ја додаде како точка 5 на дневниот ред.

Изменетиот и дополнетиот дневен ред, претседателот на Совет го стави на гласање.

По спроведеното гласање беше констатирано дека со 12 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, е усвоен изменетиот и дополнетиот следен

**ДНЕВЕН РЕД**

**1.Предлог-Програма за урбанистичко планирање за 2025 година**
**2.Предлог–Одлука за одобрување финансиски средства за одржување Бадникови поворки во с.Бардовци**
**3.Предлог–Одлука за давање на согласност за издавање под закуп на објект во сопственост на Општина Карпош, на улица Разловечко востание бб**
**4.Предлог – Одлука за прифакање на донација од КАМ ДОО Скопје**
**5.Советнички прашања**

**ТОЧКА 1. Предлог-Програма за урбанистичко планирање за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по првата точка од дневниот ред.

За збор се јави членот на Советот Адријана Јакимовски Панчевска која изјави дека повторно се работи незаконски, во преамбулата што е ставена во Програмата за урбанистичко планирање наведено е дека е направена анализа за 2024 година. Не може да се направи анализа за 2024 година, бидејќи програма за урбанистичко планирање немаше. Потоа се повика на член 171 од Деловникот на Општина Карпош, кој гласи дека член на Совет може по исклучок да се поднесе амандман на предлогот на одлуката на седница на Советот во текот на претресот на тој предлог. Амандманот се поднесува писмено и мора да биде образложен. Согласно член 173, кога амандманот се поднесува во текот на претресот на предлог на одлука, претседателот на совет ќе ја прекине седницата и ќе даде пауза за да можат подносителите да го изготват амандманот.
Согласно деловникот изјави дека има амандман кој што сака да го поднесе советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата.

Претседателот во договор со подносителот и службите даде пауза од 15 минути за негово изготвување, при тоа председателот праша дали некој друг има да поднесе амадман по Програмата која се разгледува.

Бидејќи никој друг не се јави за поднесување на амадман претседателот даде пауза од 15 минути.

По завршување на паузата, претседателот констатира дека присуствуваат 22 членови на Советот со што може да продолжи со работа 59. седницата на Советот на Општина Карпош.

Претседателот и даде збор на членот на Советот Невена Георгиевска која посочи свои аргументи и идеи од прирачник во кој стои комуникација на советници со јавноста преку разни дебати кои требало да се направат пред да се изготви програмата врз основа на што посочи дека нивниот став по однос на програмата ќе биде негативен во гласањето во ваква ситуација. Истакна дека нигде не пишува дека сите дупови што се во процедура мора да стојат во програмата, иако нема да се извршуваат. Според неа програма е нешто што се планира таа година да се изврши. И со оглед на тоа што нема такви јавни дебати вклучат жителите, да се знае што сакаат тие и на кои детално урбанистички планови да им се даде приоритет, не може да се гласа една ваква програма.

Претседателот и даде збор на членот на Советот Адријана Јакимовски Панчевска како поднесител на амдман истиот да го образложи.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовски Панчевска која образложи дека врз основа на членовите 171 и 173 од деловникот на Општина Карпош се понесува следиот амандман цитирам: „За Предлог-програмата за урбанистичко планирање под насловот Три, текстот се менува и гласи : Детален урбанистички план Ј03 од Нерези до граница со Општина Центар. Амандманот го предлагаме заради стопирање на прекумерните градби и бетонизација во Општина Карпош, во

контекст за се надоврзам и на колешката Невена, бидејќи нема дел од овие планови се по стариот закон, не се вклучи граѓаните на јавни дебати, немаа во најголем дел, бараме малку, барем нешто, нешто да сочуваме и ова што го имаме за хумано урбанизација и за нормален живот во Карпош и да се стопира малку со градбата и со висококатниците.“

Бидејќи амандманот не беше доставен до Претседателот и членовите на Советот, Претседателот на Совет го побара на увид амандманот.

Членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска, го достави само на увид амандманот, притоа го корегираше на лице место, бидејќи во основот на повикување на членовите од Деловникот беа неведени делови што се однесуваат на Буџетот. Амандманот доставен на увид не беше потпишан од советничката група - предлагач.

Откако беше разгледан, Претседателот на Совет, изјави дека се работи за побитна промена во текстот, со што ги праша службите да се изјаснат дали и според нив промената во текстот е битна или не е битна промена? Потенцираше дека ако усвојувањето на Амандманот би повлекло побитни измени на текстот на Предлог-одлуката за амандманот не може да се одлучи на седницата на Советот, додека надлежната Комисија и Комисијата на прописи не му поднесат Извештај за тој Амандман. Затоа Претседателот на Советги праша службите, дали сметаат дека е побитна измената во текстот на Предлог-Програмата?

Од секторот за урбанизам беше одговорено дека ваквата промена не е битна во    програмата.

Бидејќи службите се изјаснија дека промената не е битна, Претседателот на Совет пристапи кон посебен претрес по амандманот.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовски Панчевска која истакна дека се работи за побитна измена, бидејќи практично се бришат 40 точки од предлог – програмата и на нивно место се става само една точка.

Претседателот на Совет изјави дека амандманот секако ќе оди на гласање, па доколку се усвои ќе се постапува по него и продолжи со претресот по амандманот.

За збор се јави членот на Советот Невена Георгиевска која лично смета дека е навистина обемна промената, бидејќи се тргаат 90% од Програмата. Со тоа таа би сакала некои детални урбанистички планови и некои плански програми да се ставаат во урбанистичка програма. Значи лично не е против урбанистичка програма, меѓутоа да се стави она што е најприоритетно. И затоа смета дека треба да постои договор и да се направи една квалитетна програма и потоа да се изгласа.

За збор се јави членот на Советот Татјана Стојановска која постави прашање дали  толкувањето дека службата треба да одлучи дали амандманот е битен или небитен е од некој деловник?

Претседателот на Совет одговори дека секако тој што одлучува за програмата и измените, односно за текстот на самата програма одговара службата која ја изготвува и токму затоа прашањето било насочено кон нив.

За збор се јави Градоначалникот кој истакна дека предлог – програмата беше доставена до членовите на Советот две недели пред одржувањето на 59. седница. Првенствено беше ставена на дневен ред за 58. седница, но беше повлечена за да се запази рокот за доставување на анализата и потоа повторно целосно доставена во материјалите до членовите на Советот за дневен ред на 59. седница. Градоначалникот посочи, доколку членовите на Советот сакале да бидат конструктивни и сакале да направат одредени измени, имале доволно време да реагираат односно соодветно да постапат. А на овој начин повторно само саботираат како и минатата година за да не се донесе програма во законскиот рок.

Претседателот на Совет изјави дека што се однесува на содржината на предлог – програмата за урбанистичко планирање и зошто таа содржи ДУП-ови и урбанистички планови кои се започнати во минатото, минаттаа година неколку месеци потрошил во Министерство за транспорт и врски за да добие објаснување зошто треба програмата да ја има таа форма и содржина.

Претседателот на Совет го праша Градоначалникот како предлагач дали го прифаќа амандманот.

Градоначалникот се изјасни со „НЕ“, дека не го прифаќа амандманот.

Бидејќи на службите не им се битни измените, а Градоначалникот како предлагач не го прифати амандманот, Претседателот на Совет ги праша членовите на Советот кој е за одложување на расправата заради амандманот, за да се одржат комисии по истиот?

Претседателот на Совет, предлогот/прашањето до членовите на Советот го стави на гласање.

По спроведеното гласање со 8 гласа ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, Претседателот на Совет констатираше дека нема доволен број на гласови за да се одложи расправата по амандманот, со што на членовите на Советот не им треба одржување на комисии за да се разгледува и расправа по амандманот.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовски Панчевска која постави прашање до Претседателот на Совет зошто се гласа?

Претседателот на Совет одговори дека ако за нешто одлучува Советот, за да се изрази волјата на членовите на Советот се спроведува гласање.

Претседателот на Совет, констатираше дека службите, градоначалникот и членовите на Советот го дадоа своето мислење и согласно тоа го стави амандманот на гласање, односно кој е за усвојување на предложениот амандман?

По спроведеното гласање со 8 гласа ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, не е усвоен амандманот.

Претседателот на Совет ја продолжи расправата по предлог – програмата.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовски Панчевска која изјави дека има да поднесе друг амандман.

Претседателот на Совет изјави дека еден амандман по исклучок бил предложен, никој друг не се јавил за доставување на амандмани со што повеќе амандмани не може да се доставуваат.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

Од советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата се побунија дека не можат да доставаат амандмани и потоа побараа пауза од 15 минути.

Претседателот на Совет се изјасни дека веќе биле прашани за амадмани, потоа согласно деловникот се распавало по амандманот и притоа им била дадена пауза, и сега се преминува на гласање по точка 1 од дневниот ред.

Се јави членот на Советот Благица Цветановска која изјави дека не смее да им се забрани правото да побараат пауза.

Претседателот на Совет даде пауза од 15 минути.

По паузата, претседателот на Совет констатираше присутност од 20 членови на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Совет, ја стави предлог – точката број 1 на гласање.

Зема збор членот на Советот Предраг Станковски кој праша , како е донесен Буџетот а Програмата не е донесена, можеби ќе имаме измена во средствата во истата.

Претседателот на Совет одговори дека доколку има измена во финансиската рамка, би имале проблем но бидејќи никој не продолжи измена во финансиската рамка, нема никаков проблем.

**По спроведеното гласање со 12 гласа ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е**

**усвоена Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година.**

**2.Предлог–Одлука за одобрување финансиски средства за одржување Бадникови поворки во с.Бардовци**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

За збор се јави членот на Советот Татјана Стојановска која посочи дека многу финасиски средства се издвоени за верски празници.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 12 гласа ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за одобрување финансиски средства за одржување Бадникови поворки во с.Бардовци.**

**3.Предлог–Одлука за давање на согласност за издавање под закуп на објект во сопственост на Општина Карпош, на улица Разловечко востание бб**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

За збор се јави членот на Советот Невена Георгивска, кој праша дека во врска со оваа точка е предвиден проценител, па врз основа на проценката ќе се одреди износот, значи прво да се донесе одлука а потоа да се викне проценител.

Од службите одговорија дека првенствено се носи одлука за давање согласност за давање под закуп, потоа проценителот дава најнизок износ по кој може да се даде под закуп и потоа постапката оди со наддавање, согласно законските прописи.

За збор се јави членот на Советот Татјана Стојановска која посочи дека и претходно се носело одлука, но дали постои ограничување во однос на тоа кој може да го добие тој простор. Таа лично е загрижена бидејќи во Аеродром им се случува, дел од училиптата да има и кафичи.

Од службите доби одговор дека децидно е предвидено во одлуката да се даде под закуп на правни лица кои детска градинка им е дејност.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 12 гласа ЗА, ПРОТИВ нема и еден глас ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на објект во сопственост на Општина Карпош, на улица Разловечко востание бб.**

**4.Предлог – Одлука за прифакање на донација од КАМ ДОО Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласа ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема , констатирано е дека едногласно е усвоена Одлуката за прифакање на донација од КАМ ДОО Скопје.**

**5.Советнички прашања**

Зема збор членот на Советот Татјана Стојановска која ги постави следните советнички прашања:

1.Каде да се обрати граѓанин за фирма која нема никаков реален документ за дозвола за работа освен елаборат прифатен од општината и сосема диво функционира, а инспекторите од нашата Општина оддолжуваат една година со затворање на објектот?

2. Колку време им треба на инспекторат да одговарат и постапат по пријава за градежни нерегуларности? Дали додека се изградат објектите?

Надополнето по поставеното советничко прашање на седница, бидејќи ми се кажа од страна на Градоначалникот дека не се обврзани да одговорат на пријава:

Барам одговор на две мои пријави доставени до инспекторат на 04.12.2024 по мејл. Во прилог текстот од пријавите. Одговорот го барам како советничко прашање на кое се обврзани да одговорат, според Деловникот на општина Карпош.

3. Каде ќе се внесат во Буџетот 800000 денари кои ги намаливме на ставка избори а не ги ставивме во ниедна друга програма?

Зема збор Претседателот на Совет кој ги задолжи службите да изготват точка за наредната седница барање до Град Скопје за поставување на семафори коишто се пристапни за лица со оштетен вид на булеварите коишто се во нивна надлежност.

По исцрпување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот ја затвори 59. редовна седница на Советот на Општина Карпош која заврши во 20:06 часот.

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**Одделение за поддршка и организација на работата на Советот**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Изработил: Јелена Цветковиќ
Томче Панчевски

**Број: 09-2483/9**
**Датум: 13.03.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Бранко Ристов**